Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 165/0306
11.08 20 23 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 25 јули 2023 година, врз основа на примена жалба од Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“, го донесе следното:

# МИСЛЕЊЕ

**Со целосното преземање и објавување на изјавата на непознато лице објавена на социјалната мрежа „Facebook“, порталот Инфомакс.мк на 8 јуни 2023 година ги прекршил професионалните и етички стандарди утврдени во членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 15 јуни 2023 година, Здружението за сексуални и родови малцинства скопски „КВИР ЦЕНТАР“ поднесе жалба за преземањето и објавувањето на текстуалната содржина – статус на непознато лице на социјалната мрежа „Facebook“, од страна на порталот Инфомакс.мк на 8 јуни 2023 година.

Во жалбата се наведува дека со целосно преземаната и објавена содржина медиумот во јавноста шири материјал со кој се поттикнува и повикува на дискриминација врз основа на сексуална ориентација. Дополнително, во жалбата се вели дека под текстот е споделена слика од профилот на НН лицето, а од коментарите под статусот на лицето, веднаш е видлив ефектот од повикувањето и поттикнувањето на говор на омраза и дискриминација, врз основа на сексуална ориентација и родов идентитет.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледувањето на жалбата, упати допис до редакцијата на порталот Инфомакс со кој ѝ даде можност да се изјасни по однос на наводите на жалбата.

Редакцијата на порталот не испрати одговор до Комисијата за жалби.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **ОСНОВАНА** и со мнозинство гласови оцени дека во текстот се прекршени членот 1 и членот 10 од Кодексот на новинарите на Македонија.

***Член 1:*** *„... Новинарот треба да објавува точни, проверени информации и нема да прикрива суштински податоци и да фалсификува документи. Доколку информацијата не може да се потврди, или станува збор за претпоставка, односно шпекулација, тоа треба да се каже и да се објави. Точноста на информацијата треба да се провери колку што е тоа можно“.*

***Член 10:*** *„Новинарот нема свесно да создава ниту преработува информации што ги загрозуваат човековите права или слободи, нема да говори со јазикот на омразата и нема да поттикнува на насилство и дискриминација по која било основа (национална, верска, расна, полова, социјална, јазична, сексуална ориентација, политичка припадност).*

10.1.Имајќи ја предвид опасноста по поединците, групите или целото општество, онлајн медиумите нема никогаш да поттикнуваат омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус.

10.3. Онлајн медиумите ќе се трудат да ја зголемуваат свесноста за негативните последици од говорот на омраза, да го идентификуваат и разобличуваат таквиот говор, како и да ги посочуваат актерите што го продуцираат и се служат со него. Онлајн медиумите ќе создаваат содржини со коишто ќе се спротивставуваат на говорот на омраза и на дискриминацијата по различни основи.

10.4. Онлајн медиумите се одговорни за редовно прегледување и брзо отстранување на коментарите на корисниците што се објавуваат под новинарските содржини на веб-страниците или на социјалните мрежи, а коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

10.5. Во исклучителни случаи на екстремен говор на омраза од поединци или групи, обврска на онлајн медиумот е да ги критикува јавно нивните ставови нагласувајќи ги штетните последици од нив за поширoката заедница и за групите кон кои се изречени.

20.2.Онлајн медиумот ќе ги отстрани сите коментари кои содржат: повикување на насилство или други кривични дела, говор на омраза, дискриминација, закани и други облици на загрозување на правата и безбедноста на поединци, групи, институции, без оглед дали се директно или индиректно поврзани со текстот или темата што се обработува во него.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

На седницата одржана на 25 јули 2023 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорниот текст.

Комисијата констатираше дека воопшто не станува збор за новинарски текст, туку медиумот на својата Веб страница и на ФБ профилот објавил изјава - статус на непознато лице со која се поттикнува дискриминација односно се шири говор на омраза врз основа на сексуална ориентација. Притоа, покрај изјавата – статус која се однесува на претходни настани во училиштето Љубен Лапе, медиумот објавил и фотографија од Парадата на гордоста, иако случајот поврзан со училиштето Љубен Лапе не е директно поврзан со настанот што допрва требаше да се одржи. Оттаму, членовите на Комисијата заклучија дека самиот медиум свесно и тенденциозно го „избрал“ токму овој статус и намерно ја објавил и фотографијата од Парадата на гордоста, со цел да предизвика кај читателите дополнително чувство на омраза кон припадниците на ЛГБТ заедницата и кон директорката на училиштето Љубен Лапе, наместо да го идентификува и разобличи таквиот говор и да посочи на поединците што се служат со ваков говор, што е негова професионална и етичка обврска.

Освен тоа, со објавувањето на истата содржина на својот ФБ профил и самиот поттикнал бројни коментари на читатели со говор на омраза и дискриминирачки содржини, иако негова обврска е редовно да ги прегледува и брзо да ги отстранува коментарите на корисниците коишто содржат говор на омраза и имаат потенцијал да предизвикаат штетни последици во општеството.

Со ова медиумот го прекршил членот 10 од Кодексот на новинарите и точките 10.1, 10.3, 10.4 и 10.5, како и член 20 од Насоките за етичко известување на онлајн медиумите.

Натаму, Комисијата заклучи дека медиумот со самиот факт што целосно преземал и објавил туѓа изјава-статус, за наводните „...скандали со ЛГБТ индоктринација во училиштето Љубен Лапе“, а притоа не се обидел да ја провери точноста на таа информација односно да изработи свој новинарски текст врз основа на таа информација, го прекршил и член 1 од Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата **со мнозинство гласови** одлучи дека се прекршени членовите 1 и 10 од Кодексот на новинарите и членот 20 од Насоките за етичко известување во онлајн медиумите.

Во работата на Комисијата учествуваа: Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска, Теофил Блажевски, Снежана Трпевска, Ердем Ахмет и Димитар Мицев.

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија
Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595